# ЗАСЛЕПУВАЊЕ

## 2 дел

Наслов на оригиналот

Orbitor. Aripa Stanga (Orbitor 1)

Mircea Cartarescu

Copyright © 1996 by Mircea Cartarescu / Paul Zsolnay Verlag, Wien

Translation Copyright © Икона, 2012

Изданието е објавено со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија

МИРЧЕА КАРТАРЕСКУ

# ЗАСЛЕПУВАЊЕ

## Лево крило
## 2 дел

Превод од романски јазик

ЕРМИС ЛАФАЗАНОВСКИ

ikona

# II

# ТЕЛОТО

Но, некој ќе праша: „Како воскреснуваат мртвите? И во какво тело ќе дојдат?
Неразумен човеку, она што го сееше ти, не оживува, ако не умре.
И што сееш, не го сееш телото што ќе биде; туку голо зрно, било пченично или нешто друго.
1А Бог му дава тело, какво што сака; и на секое семе негово тело.
Не е секое тело исто тело: туку друго е човековото, и друго е животинското тело, и друго е телото на птиците, и друго на рибите.
Има небесни тела и земни тела, но друг е сјајот на небесните тела, друг на земните.
Друг е сјајот на сонцето, а друг е сјајот на месечината; а друг е сјајот на ѕвездите, зошто ѕвезда од ѕвезда се разликува по сјајот.
Така е и со воскресението на мртвите; се сее во распадливост, воскреснува во нераспадливост.
Се сее без чест, воскреснува во слава; се сее во слабост, воскреснува во сила;

Свети Павле, *Прво послание до Коринтијаните*[1]

Веќе ништо што е реално во мојот живот не го доживувам како такво, затоа што живеам живот кој едноставните чувства не можат да го опфатат. Попусто ги отворам очите, затоа што веќе не гледам. Попусто скаменет стојам пред мојот овален прозорец, обидувајќи се да ги слушнам звуците. Чинам, како да немам веќе само неколку, туку милијарди сетила и секое е различно од другото, секое е прилагодено кон поинаква дразба: едното за да го опфати обликот на чашата од која пијам кафе, другото, обликот на сонот кој го сонив сношти. Друго, за ужасниот шепот кој го слушам во ушиве, и кој веќе еднаш го бев слушнал пред неколку години, кога живеев на улицата Штефан Велики и кога во изветвената пижама се потпирав со нозете на парното. Не ги согледувам веќе светлосните промени, висината на звуците, хемијата меѓу цветот и латиците, туку чувствувам цели сцени, наеднаш проголтани од некое ново чувство, кое се создаде во центарот на мојот ум, само за да ја опфати *таа* сцена пред прозорецот, која пред моите очи

[1] http://www.mkbible.net/biblija/index.php (15, 35)

минува како водена далга, се движи заедно со неа, ја менува, ја смачкува, ја освојува како еден вид амеба за заедно со неа да создадат една друга реалност, која е наврапита и прастара, осветлена од милост, но затемнета од непознато. Тоа е исто како сè што ми се беше случило, за да може да ми се случи, да требаше веќе да ми се има случено, како сè веќе да постоело во мене, но не како целост, туку вардејќи, меѓу збрчканите рудиментирани и на куп собрани ливчиња во структурите на мозокот – но и во јајцата и во мојот мрак, и во моите распаднати куќи – чекајќи таму, некаков вид на исполнување, но и храна, која доаѓа од пламенот на битот, кој, исто така, е сè уште неостварен и ембрионален. Го чувствувам уште само тоа што некогаш сум го чувствувал, го сонувам само уште тоа што веќе сум го сонувал. Ги отворам очите, но не за да видам облици и бои, затоа што светлото веќе не се распаѓа во темни точки за да ми ги пробие зелените обвивки на зениците, па да ја создадат таму во тие конусни ќелии; во белките на очите ми се појавуваат наеднаш цели слики, придружени од златен ореол од звуци и чувства на вкус и мирис, ладно и топло, болка и милост, на вртењето на главата на десна страна предизвикано токму од ова чувство. Ми се појавуваат цели населби, со нивното време, простор и емоции, а особено со степенот на нивната вистинитост – затоа што тие можат да бидат вистински или сонувани, или замислени, или пренесени преку невидливи конци со кои се врзани нашите животи со тие на претходниците – ми се појавуваат усни и полови органи, трамваи кои лизгаат по шини низ лапавици од нечист снег, ми се појавува мајка ми која одвреме-навреме ми носи за јадење, ми се појавува Херман. Не ќе го доживував сево ова ако на овој начин не се пресоздадеше сево во мојот ум (во мојот свет), ако таму не ми зартеше третото око, ако не си велев во секој миг од мојот живот: „Ова веќе го имав доживеано, веќе сум бил таму“, како што не можеш да ја видиш светлината ако таа не била дел од твојот живот, создавајќи таму чувство за светлина. Затоа мојот живот е веќе оджувеан и мојата книга е веќе претходно напишана, затоа што минатото е сè, а иднината ништо.

Секако, дека не ќе можев да го издржам бремето на мојот смачкан живот, доколку и самиот јас за него не претставував еден вид чувствен орган. Како што окото не може ништо друго да прими и да разбере освен светлината, затоа што е изделкано во порозната коска на мојот череп и ништо друго на светот не може да ја прими и разбере светлината, на ист начин, моето тело, тој пакет од мембрани и структури, со својата меланхолична анатомија, со неговата тешко разбирлива тродимензионална структура, претставува еден единствен голем чувствен орган, надразнет единствено од мојот живот, од ова енергија која не е ниту светлина, ниту звук, ниту мирис, вкус, допир, ниту движења. Ништо, никогаш, не ќе можеше на овој начин да ми го опфати животот, тој ќе беше неискажлив како и милијарди други чувства со кои никој не знае што да прави, небаре светлина во универзумите во кои не постојат очи или студ во свет во кој не постои кожа. Јас сум еден голем орган кој чувствува отворен, ликум морски крин, кој низ белото месо на моите нерви ги прочистува мојот уникатен живот, единственото море кое ме храни и ме содржи. Јас сум еден вид анализатор, една светла сензуална клетка која постојано го прима соларниот ветер на мојот живот, со неговите проблесоци на поларна светлина, со сплетканите квечерини и заслепувачки зори, кои ми пробиваат низ провидните кожинки, ми ги осветлуваат бубрезите и жлездата за излачување плунка, со флуор и арсен ми го обликува скелетот и ми ги бојосува со жива внатрешните органи. Ме менува, предизвикува хемиски девијации, сеќавања и размислувања, слики и звуци, ослободува хормони и сништа, и лифтови и невидени дотогаш, застрашувачки ноќи. И целиот овој органски и психички, и трагичен, и етички, и музикален тек, е проследен понатаму, низ мекото ткиво на черепот, низ патеките на божественото, низ мистичните синапси и ангелските аксони, кон оптичкиот хијазам на умот кој нѐ опфаќа, и од таму, во таламусот на кармата и кон чувствените области, каде светците и судиите на купче се збрани, со златни ореоли околу провидните глави, плукајќи оган, мерејќи, вагајќи, делејќи. Мојот живот, составен од кодови, симболи и алегориски танци разобличено се

простира над черепот на божественото, го опфаќа како божилак, како еден електричен хомункулус со џиновски прсти, со илјадници движења, со усни на саксофонист, но со ситно телце како црвче, кое виси на свилен конец. Затоа што Господ е еден огромен мозок, една света медуза со милијарди чувства, која броди низ морските длабочини, слабо осветлена од сини зраци. Нејзиното тело нежно пулсира, а нејзината провидност е одраз на златната љубов. Една голема медуза која мисли. Една мисла која размислува, но не со мислени термини, туку во тие на ништото кое ја опкружува, небаре целата таа пулсирачка катедрала, поголема, поукрасена и посложена од силата на мислите кои се обидуваат да ја замислат, позлатна од силата на љубовта да се сака самата себе, нејсе, посилна од самата сила, попотребна од самата волја, не е ништо друго туку еден мал дефект, на ништото кое го опкружува, една несовршеност на смртта која ја пополнува празнината, една дупка која е невозможно да се лоцира во стената на бескрајната ноќ. Следствено, тоа е случување на хипер – ништото, на ултра – празното, на смртта со сила на смртта и алефот со силата на алеф. Конечно, ниту божественоста не е ништо друго туку еден фантастичен орган кој чувствува, отворен во кристалот на ништожноста, која следствено е, исто така, орган за чувствување на уште подлабоката ништожност. Набори преку набори, како кај трендафилот, како кај вулвата.

За ова време јас си го прочистувам животот. Го голтам, го пијам, го гледам, го мирисам, го каснувам, го живеам, го мразам, го поседувам. Јас сум црв составен од четири симетрични делови кој си го преобликува животот во кодирани импулси, кои ги праќам кон повисоките нивоа. Главата и градите ми стануваат свесни за рајот и ми се бојосуваат небаре лакмусова хартија потопена во блаженство. Размислувам, дишам и ја туркам газираната крв низ артериите. Тоа е триаголникот на мојата радост, тоа е пирамидата на мојата хуманост и мојот хор од ангели кои пеат на широкиот тепих од нерви и мускули на дијафрагмата. Кога сум среќен размислувам, дишам и ми чука срцето. Јас сум птица, раскрилена над дијамантското теме. Јас сум три јасни очи отворени на крилата на

пеперутката. Кога би бил само ова: мозок, срце и бели дробови, јас би бил божество, затоа што божествата немаат гнасна утроба. Би бил како вселенски брод кој броди низ еден млаз од воздух и крв, терајќи си го мозочниот пилот кон ѕвездите. А тој, хомункулусот, во седефен костим од миелинска киселина, би маневрирал по сопственото тело небаре по софистициран команден пулт, со сплетови од милиони прсти кои се движат над милијардите кончиња на порите на неговото мислено тело. Или, пак, целиот вселенски брод би бил полн со мозочна течност, која свети небаре течно злато, а во главата на пилотот, еден друг хомункулус, со несекојдневна убавина би танцувал на сопственото тело со десетиците илјади прсти како пајажини, а во неговиот череп еден друг хомункулус би левитирал во течното злато. И телото на најголемиот постојано би бил космосот на најмалиот, а светот и ноќта и Господ би биле само еден друг спакуван космос, одделен еден од друг, со сè потенките ѕидови на черепот: череп во череп, во череп, во череп...

Но јас не сум само ангел, туку и грозен гротескен демон, кој варди како грозна влакнеста тарантула од под дијафрагмата, крај утробата и бубрезите, а под нив, во нивната збрчкана и црвеникава ќеса, чудесните јајца кои го мислат мојот свет. И цевките низ кои преполовен и сведен на бактерија која сонува, патувам кон утробата на еден друг свет. Тука се распаѓам, пропаѓајќи удолу низ млаз од мочка и сперма. Тука го дишам сулфурниот оган на пеколот. Потоа поттурнат од пулсирањето на срцето и белите дробови, од воздухот и солената вода, мојот череп, во чија закрила се наоѓа мозокот, броди низ сплетените универзуми, огнот од кожинката на јајцата и змијата од црева ја турка спермата низ времето кое го цепи просторот, попречно, создавајќи со него еден крст од кварц. И еве го пеколот: голи тела на мажи и жени, туркајќи се еден со друг со вресоци и конвулзии, произлегувајќи бесконечно еден од друг, смачкувајќи си ги утерусите и вагините, полнејќи си ги телата во ерекција со средства за подмачкување! И со крв стареејќи, смачкувајќи се, мувлосувајќи, но постојано испуштајќи јајца и сперма, убиствени капсули, осветлувајќи

ги како фотони устите на други жени, влакнестите бедра на други мажи, на коските кои се топат во секрет составен од истиот сјаен кварц. Стомаци кои опфаќаат стомаци во кои има други стомаци, небаре сите мајки и ќерки се затворени една во друга, во еден бескраен низ на трудни жени, вечна низа од ѕидови од утерус, и фетуси обременети од други фетуси, утроби во утроби, во утроби, во утроби...

И гледај, небесната медуза, не е само мозок и само ум, таа е и секс и љубов во исто време, но не преку спојување на принципи и тела, туку преку нивниот суштински идентитет, затоа што во неговата крајност, хипермозокот, кој го претставува просторот, не е ништо друго туку хиперсекс, кој, пак, го претставува времето. А хиперпросторот кој е мислењето, не е ништо друго туку хипервремето кој е претставник на љубовта. А хиперумот кој е сè, не е ништо друго туку хиперљубовта која е ништо. А сè - ништото, неиздржливото неизбежното, незаменливото, е мојот живот, кој го чувствувам со органот кој чувствува во моето тело, во чија течност треперам и тлеам, кој го измислувам исто толку колку што тој ме измислува мене, сè додека тој не се згусне, а јас не се проретчам, и заедно не создаваме едно заедништво на живот-тело во кое не се знае веќе кој кого создава и кој кого саботира. Затоа што матрицата на моите органи му даваат на мојот живот едно скриено значење, единственото нешто кое може да биде разбрано од сивата материја. Бојата на моите очи и грубоста на моите нокти. Сево ова го имаш во мојот огромен и единствен код, во овој кодекс, во ова нечитлива книга, во оваа книга.

Откако зградата од улицата Уранус каде живеам веќе три години, остана сама да стои простум, сред купиштата од градежен шут, купиштата железа и стари весници расфрлени низ фекалии, небаре после нуклеарна катастрофа – и каде сега на мојата маса се издига една друга зграда од хартии испишани со пенкало – многу подобро си ја покажува сопствената слава и бесрамноста. Како пенис во болна ерекција, сред најтажниот град на светот, мојата зграда им одолеа на рушењата и сè до праисторискиот смрзнат мамут на Народната куќа[2], која се

[2] Casa Poporului,